МЕЃУОПШТИНСКАТА СОРАБОТКА
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ОД НОРМА ДО ПРАКСА



РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА
**МИНИСТЕРСТВО ЗА
ЛОКАЛНА
САМОУПРАВА**

# МЕЃУОПШТИНСКАТА СОРАБОТКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ОД НОРМА ДО ПРАКСА

Скопје, ноември 2015

Оваа публикација е изработена во рамките на проектот на Министерството за локална сампуправа „Иновативни решенија за подобар пристап до услуги на локално ниво“ кој го спроведува Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП)

# Вовед

Паралелно со процесот на децентрализација во Република Македонија, се актуелизираше и потребата од поттикнување на меѓуопштинската соработка.

Ако крајната цел на децентрализацијата е поефикасни и поекономични услуги за граѓаните – меѓуопштинската соработка е еден од начините за постигнување на таа цел.

Единиците на локалната самоуправа (општините) имаат надлежности во сите витални сфери кои што имаат директно влијание на квалитетот на живеење на граѓаните во локалните заедници.

Општините се надлежни за вршење на работи во урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште; заштитата на животната средина и природата; локалниот економски развој; комуналните дејности; културата; спортот и рекреацијата; социјална заштита и заштита на децата; основното и средното образование; здравствената заштита; заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра; противпожарна заштита; и други работи определени со закон.

Општините утврдените надлежности ги вршат преку општинската администрација или преку основање на локални јавни претпријатија и јавни установи, а можат да го делегираат вршењето на одредени работи на други правни или физички лица, врз основа на договор за извршување на работи од јавен интерес, во согласност со закон.

Заради поефикасно и поекономично вршење на надлежностите општините можат да воспостават и меѓуопштинска соработка.

Потребата за воспоставување на меѓуопштинска соработка е во најтесна врска со потребата од поефикасно спроведување на надлежностите на општините, поекономична испорака на локалните услуги, зајакнување на капацитетите на општинската администрација за спроведување на обврските од процесот на децентрализацијата, подготовка на стратешки и плански документи, обезбедување на ажурирани податоци за разните категории на субјекти на територијата на вклучените општини, имплементирање на позитивни искуства од други општини и др.

# Зошто Закон за меѓуопштинска соработка

Република Македонија е една од малкуте држави кои што оваа област ја имаат уредено со посебен закон. Зошто? Затоа што Република Македонија има едностепена локална самоуправа, сите општини имаат подеднакви надлежности, а различни административни и финансиски капацитети.

За илустрација, најмалата општина во државата, Вевчани, има 2 433 жители, а најголемата Куманово, над 100 000 жители.

Во Република Македонија, 14 општини имаат помалку од 5000 жители, а 30 општини се со население до 10 000 жители.

Од вкупно 80, триесет и шест општини, или скоро 50% се рурални.

Со цел да се воспостави баланс меѓу политичката определба за едностепена локална самоуправа и успешно остварување на пренесените надлежности од страна на општините, во Законот за локална самоуправа донесен во февруари, 2002 година, се утврди можноста за меѓуопштинска соработка во извршувањето на надлежностите.

По формалното пренесување на надлежностите на општините на 1-ви јули 2005 година, се очекуваше општините веднаш да покажат интерес за воспоставување на меѓуопштинска соработка. Праксата покажа дека иако имаше потреба, тоа не се случи. Зошто? Затоа што во Законот за локалната самоуправа не се целосно разработени постапката и облиците за меѓуопштинска соработка, а општините кои што беа пионери во воспоставувањето на овој механизам се соочија со низа проблеми во регулирањето на взаемните односи.

Во меѓувреме, потребата од регулирање на оваа материја со посебен закон постојано беше истакнувана токму од страна на прет-

**2433**

Најмалата општина во државата, Вевчани, има 2 433 жители

**30**

30 општини се со население до 10 000 жители

**~50%**

Од вкупно 80, триесет и шест општини, или скоро 50% се рурални.

ставниците на локалната самоуправа и на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС).

На 17 јуни 2009 година, на предлог на Владата, Собранието на Република Македонија го донесе Законот за меѓуопштинска соработка. („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2009).

Со Законот за меѓуопштинска соработка се уредија начинот, условите и постапката за воспоставување на меѓуопштинска соработка и облиците преку кои се остварува, финансирањето, евиденцијата и надзорот над меѓуопштинската соработка и други прашања од значење за меѓуопштинската соработка (МОС).

Освен во законите за локалната самоуправа и за меѓуопштинска соработка, на меѓуопштинската соработка како механизам за вршење на надлежности или испорака на услуги на локално ниво, упатуваат и повеќе други закони кои ги уредуваат областите во кои имаат надлежности општините (Закон за рамномерен регионален развој, Закон за комунални дејности, Закон за гробишта и погребални услуги, Закон за управување со отпадот, Закон за квалитетот на амбиентен воздух, Закон за превоз во патниот сообраќај, Закон за животна средина, Закон за заштита од бучава во животната средина, Закон за водите и други).

Во најновите законски решенија особено со измените на Законот за управување со отпадот, евидентна е заложбата на законодавецот преку одредени одредби да ја поттикне меѓуопштинската соработка како задолжително решение за спроведување на надлежностите на локалната самоуправа.

# МОС преку одредбите на Законот

Со цел да се поттикнуваат општините на меѓусебна соработка а при тоа да не се наруши принципот на доброволност, како основен принцип при ваков вид на соработка, со Законот за меѓуопштинска соработка се утврдуваат основните инструменти за воспоставување на соработката и облиците преку кои би се остварувала.



Меѓуопштинска соработка, во смисла на овој закон, е соработка што се воспоставува меѓу две или повеќе општини за поефикасно и поекономично вршење на надлежностите на општините утврдени со закон и за остварување на нивните заеднички интереси и цели.

Исто така, под меѓуопштинска соработка се подразбира и вршење на определени работи од надлежност на општините од страна на една општина за сметка на една или повеќе други општини.

Надлежни органи кои одлучуваат за воспоставување на соработката се советите на општините.

Од вкупно 80 општини
во Република Македонија,

62 (77,5 %)

**имаат воспоставено меѓуопштинска соработка.**

Меѓуопштинската соработка се остварува преку следните облици:

- заеднички работни тела и комисии
- заеднички административни тела
- заеднички јавни претпријатија и
- заеднички јавни установи

Меѓуопштинската соработка се остварува и преку здружување на финансиски и други средства како и преку договорно вршење на работи од надлежност на една или повеќе општини од страна на друга општина за определен надомест.

За воспоставувањето на меѓуопштинската соработка, не е потребна претходна согласност, туку за истата се води само посебна евиденција во Министерството за локална самоуправа.

Владата на Република Македонија, согласно одредбите на Законот за меѓуопштинска соработка, може финансиски да ја поттикнува и да ја подржува меѓуопштинската соработка на две или повеќе општини во областите кои се од пошироко значење и се од посебен интерес за функционирање на дејностите во тие области.

Во насока на приоретизирање на областите кои што финансиски може да се поддржат, Владата донесува Одлука за определување на дејностите од пошироко значење и интерес за кои што ќе може да се издвојуваат финансиски средства за поттикнување на меѓуопштинска соработка.

Основни критериуми за финансиско потикнување и подршка за воспоставување на меѓуопштинската соработка се: административните и финансиски капацитети на општините за вршење на законски утврдените надлежности, очекуваните придобивки од меѓуопштинската соработка; бројот на општините кои учествуваат во меѓуопштинската соработка и претходно обезбедени средства од други извори.

Поблиските критериуми за издвојување на средствата, како и начинот и постапката за



нивна распределба се утврдуваат со посебен акт на Владата на РМ.

Владата формира посебна комисија за следење на меѓуопштинската соработка составена од претставници на надлежните министерства, претставници на советите на планските региони и од Заедницата на единиците на локалната самоуправа.

Законот за меѓуопштинска соработка овозможува поврзаност на сите активности за воспоставување на меѓуопштинска соработка врз основа на изразената волја на општините и во утврдена постапка.

# Меѓуопштинската соработка во пракса

Меѓуопштинската соработка во Република Македонија се остварува преку различни облици и во различни области заради вршење на определени локални надлежности.

Меѓуопштинската соработка овозможува полесно идентификување и приоритизирање на потребите на одредени микрорегиони, но и на планските региони заради остварување на оддржлив, осмислен, интегриран и инклузивен локален развој.



Воспоставувањето на МОС меѓу сите општини од еден плански регион е се почеста пракса која овозможува поефикасно и поекономично вршење на надлежностите. Таков е и примерот со Вардарскиот, Североисточниот и Пелагонискиот плански регион, каде што општините имаат формирано заедничко работно тело – Мрежа за инклузивен развој. Во Вардарскиот плански регион е формирано и заедничко административно тело за енергетска ефикасност.

Воспоставувањето на иновативни облици на меѓуопштинска е резултат на потребата општините, приватниот сектор и здруженијата на граѓани, заеднички, преку интегриран и инклузивен пристап да придонесат за зголемување на конкурентноста на планскиот регион.

Анализата на податоците добиени од страна на општините во истражувањето направено од Министерството за локална самоуправа и УНДП (2014 година), укажува дека Законот за меѓуопштинска соработка во целост ги исполни очекувањата и целите кои беа поставени при неговото донесување, односно ја поттикна МОС и овозможи на општините преку оваа алатка поефикасно и поекономично да ги вршат локалните надлежности. Оваа констатација особено се однесува на руралните и малите урбани

Од воспоставените меѓуопштински соработки, од аспект на вкупно вклучени општини во една меѓуопштинска соработка, добиените податоци покажуваат дека

**48**
**СЕ ВОСПОСТАВЕНИ ПОМЕЃУ ДВЕ ОПШТИНИ**

**8**
**ВКЛУЧУВААТ ПО 3 ОПШТИНИ**

**5**
**ВКЛУЧУВААТ 4 ИЛИ ПОВЕЌЕ ОПШТИНИ**

општини кои единствено преку воспоставување на меѓуопштинска соработка можеа да започнат со вршење на одредени надлежности утврдени со закон.

Како главни причини за потребата од меѓуопштинска соработка општините ги наведуваат: недостаток на финансиски средства, недоволен капацитет на општинската администрација (недоволен број на вработени и непостоење на соодветна експертиза), несоодветни просторни и технички услови за работа, непостоењето на потребните бази на податоци, отсуство на плански и стратешки документи, незадоволителна соработка со институциите од централно ниво и др.

Не само малите и руралните, туку и поголеми општини преку воспоставување на меѓуопштинска соработка остваруваат поекономично вршење на надлежности и остварените заштеди ги користат за нови активности во рамки на своите надлежности.

Во периодот по донесувањето на Законот за меѓуопштинска соработка, Министерството за локална самоуправа во соработка со УНДП имаат обезбедено стручна и финансиска помош за воспоставување на меѓуопштински соработки со вклучување на повеќе од 50 општини. Меѓуопштинската соработка е препознаена како добра пракса и од страна на Европската унија. На трите општини пионери во меѓуопштинската соработка во Република Македонија, Василево, Босилово и Ново Село им беше доделено признание за успешно воспоставување и спроведување на МОС.

| | Име на општина | Население | Површина км$^2$ | Населени места |
|---|---|---|---|---|
| 1 | АРАЧИНОВО | 11597 | 31,30 | 4 |
| 2 | БЕРОВО | 13941 | 598,07 | 9 |
| 3 | БИТОЛА | 95385 | 787,95 | 66 |
| 4 | БОГДАНЦИ | 8707 | 114,54 | 4 |
| 5 | БОСИЛОВО | 14260 | 161,99 | 16 |
| 6 | БРВЕНИЦА | 15855 | 164,30 | 10 |
| 7 | ВАЛАНДОВО | 11890 | 331,40 | 29 |
| 8 | ВАСИЛЕВО | 12122 | 230,40 | 18 |
| 9 | ВЕВЧАНИ | 2433 | 22,80 | 1 |
| 10 | ВЕЛЕС | 55108 | 427,45 | 29 |
| 11 | ВИНИЦА | 19938 | 432,67 | 16 |
| 12 | ВРАПЧИШТЕ | 25399 | 157,98 | 15 |
| 13 | ГЕВГЕЛИЈА | 22988 | 483,43 | 17 |
| 14 | ГОСТИВАР | 81042 | 513,39 | 35 |
| 15 | ГРАДСКО | 3760 | 236,19 | 16 |
| 16 | ДЕБАР | 19542 | 145,67 | 18 |
| 17 | ДЕБАРЦА | 5507 | 425,39 | 30 |
| 18 | ДЕЛЧЕВО | 17505 | 422,39 | 22 |
| 19 | ДЕМИР КАПИЈА | 4545 | 311,06 | 15 |
| 20 | ДЕМИР ХИСАР | 9497 | 480,13 | 41 |
| 21 | ДОЈРАН | 3426 | 129,16 | 13 |
| 22 | ДОЛНЕНИ | 13568 | 412,43 | 37 |
| 23 | ЖЕЛИНО | 24390 | 201,04 | 18 |
| 24 | ЗЕЛЕНИКОВО | 4077 | 176,95 | 14 |
| 25 | ЗРНОВЦИ | 3264 | 55,82 | 3 |
| 26 | ИЛИНДЕН | 15894 | 97,02 | 12 |
| 27 | ЈЕГУНОВЦЕ | 10790 | 176,93 | 17 |
| 28 | КАВАДАРЦИ | 38741 | 992,44 | 40 |
| 29 | БОГОВИЊЕ | 28997 | 141,65 | 14 |
| 30 | КАРБИНЦИ | 4012 | 229,70 | 29 |
| 31 | КИЧЕВО | 56734 | 824 | 7 |
| 32 | КОНЧЕ | 3536 | 233,05 | 14 |
| 33 | КОЧАНИ | 38092 | 360,36 | 28 |
| 34 | КРАТОВО | 10441 | 375,44 | 31 |
| 35 | КРИВА ПАЛАНКА | 20820 | 480,81 | 34 |
| 36 | КРИВОГАШТАНИ | 6150 | 93,57 | 13 |
| 37 | КРУШЕВО | 9684 | 190,68 | 19 |
| 38 | КУМАНОВО | 105484 | 509,48 | 48 |
| 39 | ЛИПКОВО | 27058 | 267,82 | 22 |
| 40 | ЛОЗОВО | 2858 | 166,32 | 11 |
| 41 | МАВРОВО И РОСТУША | 8618 | 663,19 | 42 |
| 42 | М. КАМЕНИЦА | 8110 | 190,37 | 9 |
| 43 | МАКЕДОНСКИ БРОД | 7141 | 888,97 | 51 |
| 44 | МОГИЛА | 6710 | 255,62 | 23 |
| 45 | НЕГОТИНО | 19212 | 426,46 | 19 |
| 46 | НОВАЦИ | 3549 | 753,53 | 41 |
| 47 | НОВО СЕЛО | 11567 | 237,83 | 16 |
| 48 | ОХРИД | 55749 | 389,93 | 29 |
| 49 | ПЕТРОВЕЦ | 8255 | 201,93 | 16 |
| 50 | ПЕХЧЕВО | 5517 | 208,20 | 7 |
| 51 | ПЛАСНИЦА | 4545 | 54,44 | 4 |
| 52 | ПРИЛЕП | 76768 | 1194,44 | 59 |
| 53 | ПРОБИШТИП | 16193 | 325,57 | 36 |
| 54 | РАДОВИШ | 28244 | 497,48 | 36 |
| 55 | РАНКОВЦЕ | 4144 | 240,71 | 18 |
| 56 | РЕСЕН | 16825 | 550,77 | 44 |
| 57 | РОСОМАН | 4141 | 132,90 | 10 |
| 58 | СВЕТИ НИКОЛЕ | 18497 | 482,89 | 33 |
| 59 | СОПИШТЕ | 5656 | 222,10 | 13 |
| 60 | СТАРО НАГОРИЧАНЕ | 4840 | 433,41 | 39 |
| 61 | СТРУГА | 63376 | 483,00 | 51 |
| 62 | СТРУМИЦА | 54676 | 321,49 | 25 |
| 63 | СТУДЕНИЧАНИ | 17246 | 276,16 | 19 |
| 64 | ТЕАРЦЕ | 22454 | 136,54 | 13 |
| 65 | ТЕТОВО | 86580 | 261,89 | 20 |
| 66 | ЦЕНТАР ЖУПА | 6519 | 107,21 | 23 |
| 67 | ЧАШКА | 7673 | 819,45 | 42 |
| 68 | ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО | 7490 | 132,20 | 14 |
| 69 | ЧУЧЕР - САНДЕВО | 8493 | 240,78 | 12 |
| 70 | ШТИП | 47796 | 583,24 | 44 |
| 71 | АЕРОДРОМ | 72009 | 21,85 | 1 |
| 72 | БУТЕЛ | 37371 | 54,79 | 4 |
| 73 | ГАЗИ БАБА | 72617 | 110,86 | 13 |
| 74 | ЃОРЧЕ ПЕТРОВ | 41634 | 66,93 | 6 |
| 75 | КАРПОШ | 59666 | 35,21 | 2 |
| 76 | КИСЕЛА ВОДА | 57236 | 34,24 | 2 |
| 77 | САРАЈ | 35408 | 229,06 | 22 |
| 78 | ЦЕНТАР | 45362 | 7,52 | 1 |
| 79 | ЧАИР | 64823 | 3,52 | 1 |
| 80 | ШУТО ОРИЗАРИ | 20800 | 7,48 | 1 |

# Карта на Република Македонија



**ГРАД СКОПЈЕ**
**Население** 506 926
**Површина** 571,46 км$^2$

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Население** 2 022 547
**Површина** 25 713 км$^2$

Од вкупно 62 општини кои воспоставиле меѓуопштинска соработка, 18 општини имаат воспоставено една меѓуопштинска соработка, 22 општини имаат воспоставено по две меѓуопштински соработки, 14 општини имаат воспоставено по 3 меѓуопштински соработки додека 8 општини имаат воспоставено 4 или повеќе меѓуопштински соработки.




# Воспоставени пракси на МОС

Од вкупно 80 општини во Република Македонија, 62 (77,5 %) имаат воспоставено меѓуопштинска соработка.

Од вкупно 62 општини кои воспоставиле меѓуопштинска соработка, 18 општини имаат воспоставено една меѓуопштинска соработка, 22 општини имаат воспоставено по две меѓуопштински соработки, 14 општини имаат воспоставено по 3 меѓуопштински соработки додека 8 општини имаат воспоставено 4 или повеќе меѓуопштински соработки.

Од воспоставените меѓуопштински соработки, од аспект на вкупно вклучени општини во една меѓуопштинска соработка, добиените податоци покажуваат дека 48 се воспоставени помеѓу две општини, 8 вклучуваат по 3 општини додека 5 вклучуваат 4 или повеќе општини.

Најголем број на меѓуопштински соработки се воспоставени во областите: урбанистичко планирање, внатрешна финансиска контрола, вршење инспекциски надзор, животната средина, локален економски развој, комунални дејности и локални даноци.

Соработката во повеќе надлежности е поприсутна кај малите урбани и руралните општини, додека пак соработка во една надлежност најчесто се остварува помеѓу големите урбани општини и малите урбани или рурални општини.

Во услови на недоволно изградени капацитети во општинските администрации општините се одлучуваат да воспостават меѓуопштинска соработка преку облици кои во својата суштина нема да предизвикаат поголеми промени во организациската поставеност и менаџмент.

Општините најчесто склучуваат договори за вршење на определени работи од страна на една општина за потребите на една или повеќе други општини или формираат заеднички работни тела или комисии.

Поретко се пристапува кон формирање на заеднички административни тела, или здружување на финансисики средства.

Иако потребата е евидентна, сепак градоначалниците и општинската администрација настојуваат да го оптимализираат спроведувањето на надлежностите со сопствени средства и човечки ресурси.
Формирањето на заеднички административни тела бара усогласување на актите за систематизација на работните места и прилагодување на внатрешната организација на администрацијата но и инвестиција во основни средства и стабилен модел на финасирање на платите за вработените, што како процес изискува подолг временски период.

Градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа, во чии рамки функционираат десет општини, својата функционалност ја обезбедува преку здружување на финансиски средства со општините во градот Скопје.

Општините сеуште недоволно остваруваат соработка заради основање на заедничко јавно претпријатие или заедничка јавна установа. Како причина се наведува подолгата и комплексна постапка која изискува изработка на претходна студија за економска оправданост.

Искуството во воспоставувањето на овие посложени облици на соработка укажува на потребата од обезбедување на претходна директна стручна, техничка и финансиска поддршка на општините кои имаат интерес за соработка, со цел да се зголеми квалитетот и опфатот на корисници на локалните услуги, како клучна цел.

Што се однесува до областите во кои што се воспоставува меѓуопштинска соработка, вредно е да се истакне ставот на голем број општини дека за „малите„ општини меѓуопштинската соработка е единствениот начин за испорака на јавните услуги на локално ниво, особено во областите: социјална заштита, заштита на животната средина, инспекциски надзор и противпожарна заштита. Енергетската ефикасност, особено во јавните објекти кои се користат од повеќе општини (средни училишта, амбуланти, градинки итн.) бара заеднички пристапи, но финансиските стимулации за поттикнување на меѓуопштинската соработка се клучни со оглед на инвестициите во овој сектор.

Во рамките на воспоставените соработки значајно место заземаат и меѓуопштинските соработки кои се воспоставуваат како основа за реализација на одредени заеднички проекти овозможени од страна на донатори или за аплицирање за добивање средства од соодветни европски програми. Овој вид на проектни меѓуопштински соработки најчесто престануваат по завршувањето на проектот.

Неопходно е општините кои воспоставиле меѓуопштинска соработка, да направат оценка на функционирањето и постигнатите ефекти од соработката.

Заради евиденција, законска обврска е општините кои воспоставиле меѓуопштинска соработка да го известат Министерството за локална самоуправа и да ги достават актите за воспоставување на соработката.

Од исклучителна важност во имплементацијата на воспоставените меѓуопштински соработки е и вклучувањето на ресорните министерства и органи во состав непосредно одговорни за областите, односно надлежностите на меѓуопштинската соработка.

# Позитивни искуства во МОС

Остварените придобивки за општините кои воспоставиле меѓуопштинска соработка се повеќе димензионални: економски, придобивки во спроведување на надлежностите и подобрување на квалитетот на испорачаните услуги, како и општи придобивки.

## ЕКОНОМСКИ ПРИДОБИВКИ

Најчесто на овие придобивки се гледа како на основна придобивка на меѓуопштинската соработка, но и еден од позначајните мотиви за склучување на партнерство:

- намалени трошоци за спроведување на надлежностите на ЕЛС преку взаемно обезбедување на јавните услуги и искористување на постоечките човечки, финансиски, ИТ и други ресурси и капацитети;
- зголемени изворни приходи на општините преку регистрација и ажурирање на базите на даночни обврзници, издавање на дозволи и др.

Партнерството помеѓу Кавадарци и Росоман резултира со двојно зголемени приходи од данокот на недвижен имот, а се очекува процентот на наплатата на даноци и такси да порасне и до 90%. Ова е резултат на заедничката проценка на данок на имот на 13.072 домаќинства, од кои 11.462 домаќинства на тероторијата на општина Кавадарци и 1610 даночни обврзници на територијата на општина Росоман.

Општините Радовиш и Конче каде бројот на даночните обврзници е зголемен за над 30%. Во иднина се очекува зголемен финансиски прилив во буџетите за над 50% по тој основ.

- Заштеди на финансиски средства заради оптимализирање на број на вработени.

Општините Кавадарци и Росоман, почетните пресметки за работењето на одделението за утврдување и наплата на даноци и такси, кое мора да вработи најмалку 4 квалификувани државните службеници со просечна бруто - плата од 49.000 денари по вработен изнесува 2.380.000 денари на годишно ниво. Имајќи ги во предвид постојните ресурси, кои општина Росоман ги има, ова е заштеда од најмалку 1.200.000 денари годишно за плати.

Во општините Новаци и Могила вкупно 11 државни службеници се непосредно вклучени во меѓуопштинската соработка. Тоа значи дека доколку не е воспоставена таа соработка, за да го задоволат законскиот минимум и двете општини треба да вработуваат по 11 државни службеници. Имајќи предвид дека во просек само за плати за еден државен службеник се издвојуваат по 500 евра месечно или 6000 евра годишно, вкупниот трошок за сите вклучени државни службеници на годишно ниво изнесува 66.000 евра исто толку колку што изнесува и заштедата.

Од меѓуопштинската соработка се остваруваат финансиски заштеди, а особено во заедничките административни тела и договорната соработка, најмногу поради оптимизирање на бројот на работни места. Во примерот на општините Босилово, Василево и Ново Село, заштедата на финансиски средства е 12% од основниот буџет што општините ги пренасочуваат во капитални проекти за граѓаните.

## ПРИДОБИВКИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ И ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ИСПОРАЧАНИТЕ УСЛУГИ

Иако надлежни за собирање на локалните даноци и такси, социјалната заштита и заштитата на животната средина, еден дел од општините не беа во состојба да ги спроведуваат овие законски надлежности без да воспостават меѓуопштинска соработка. Како општа придобивка на меѓуопштинската соработка се наведува подобрениот квалитет на испорачаните услуги, како и:

- Зајакнување на капацитетите на општинската администрација за вршење на работните задачи и испорачување на квалитетни услуги;
- Подобрена информатичка и комуникациска технологија и софтвер (особено бази на податоци по одредени надлежности на ЕЛС: даночни обврзници, нелегални градби, социјално загрозени категории на граѓани, оператори за животна средина и др.);
- Побрза испорака на услугите;
- Подобрени просторни услови за работење на општинската администрација;
- Зголемен обем на информации кои што правните и физичките лица може да ги добијат во единицата на локална самоуправа;

Инвестиционата мапа на општините Гевгелија и Валандово како современ метод за привлекување домашни и странски инвеститори овозможи 7 домашни бизнисмени да инвестираат во ТИЗ Блокотехна, или  странски инвеститор да вложува во изградба на Трговски центар во близина на граничниот премин Богородица

- Подготвени стратешки и плански документи по одредени области.
- Тесна специјализација на вработените во заедничките административни тела, но и во договорната соработка на вршење на работи од една за сметка на друга општина.

## ОПШТИ ПРИДОБИВКИ

- Зајакната свест на граѓаните за надлежностите на ЕЛС и за нивните права и обврски по поединечните области (даночно работење, урбанизам, локален економски развој, социјална заштита и заштита на децата, заштита на животната средина и др.);
- Потранспарентна општина и редуцирање на потенцијалните точки за корупција, особено со воведување на едно шалтерски систем и документ менаџмент систем. Со воспоставените центри за услуги на граѓаните во партнерските општини, (едно шалтерски систем), се обезбедува добивање на услугите на едно место во општината.
- Воведување на унифицирани постапки согласно со закон и унифицирање на потребните обрасци за комуникација помеѓу службите во вклучените општини. Ова претставува чекор плус до исполнување на условите за воведување на ИСО стандарди за квалитет.
- Отворени привремени работни места за невработените лица од територијата на партнерските општини (при регистрација на одредени целни групи се ангажираа лица надвор од општинската администрација). Во некои случаи, лицата ангажирани на определено време засноваа работен однос на неопределено време (Радовиш, Брвеница, и др.);

- Подобрена комуникација, соработка и размена на искуствата помеѓу партнерските општини;
- Подобрување на меѓуетничките односи помеѓу и во општините вклучени во проектот;
- Помоција на туристичките капацитети на партнерските општини;
- Обезбедена урбанистичко-планска документација за планирање на идните објекти за домување и индустрија.
- Зајакнати капацитети на општинската администрација за подготовка и имплементација на проекти.

# Иновативни пракси на МОС

## МРЕЖА ЗА ИНКЛУЗИВЕН РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Формирањето на Мрежата е заедничка иницијатива на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион, 8-те општини, ограноците на стопанските и занаетчиските комори и здруженијата на граѓани од планскиот регион. Формалното воспоставување и почетно функционирање на Мрежата технички и финансиски е потпомогнато од страна на Канцеларијата на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) во Скопје, Центарот за развој на ВПР и 8-те општини од регионот.

Мрежата е заедничко работно тело формирано врз основа на одредбите од Законот за меѓуопштинска соработка со одлуки донесени од страна на советите на 8-те општини во регионот.

Мисијата на Мрежата е да се засили координацијата на програмирањето и спроведувањето на мерките и активностите за подршка на јавниот, приватниот и невладиниот сектор во создавањето на услови за развој на силна и конкурентна економија на ВПР, економија која ќе понуди поголеми можности за вработување и истовремено ќе ги постигне социјалните и еколошките стандарди. Преку активностите на мрежата се очекува дека ќе се намали интензитетот и последиците од нагласената невработеност и миграциите како клучен социо-економски предизвик на регионот.

Мрежата за инклузивен развој на ВПР има клучна улога за зајакнување на капацитетите на јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор за соработка и координација во спроведувањето на приоритетните активности и поттикнување на сите чинители во локалните заедници активно да учествуваат во работата на локалните институции за приоритетните прашања поврзани со регионалниот развој. Мрежата, исто така, работи на надминување на проблеми и „тесни грла" како што е нискиот капацитет за апсорпција на средства од домашни и странски фондови.

Мрежата за инклузивен развој своите активности ги спроведува врз основа на тригодишна програма усвоена од членките.

Спроведувањето на активностите е финансирано со средства од општините, преку имплементација на проекти, како и со средства од меѓународни организации.

**http://www.vardarregion.gov.mk/**

## ПЛАТФОРМА ЗА РЕГИОНАЛНА РУРАЛНА АКЦИЈА НА СЕВЕРОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН (ПРРА)

Платформата за Регионална Рурална Акција (ПРРА) преставува облик на меѓуопштинска соработка – Заедничко работно тело на општините од Североисточниот плански регион (СИПР) за поддршка на економскиот развој на руралните подрачја и населени места во регионот. Во оваа соработка се вклучени сите шест општини од Североисточниот плански регион, поточно: Куманово, Кратово, Крива Паланка, Липково, Ранковце и Старо Нагоричане.

ПРРА брои вкупно 17 членови каде што освен по еден претставник од канцелариите за локален економски развој од секоја општина од СИПР со свои претставници учествуваат и невладиниот сектор, стопанските комори, ЛАГ-овите, Центарот за развој на СИПР, бизнис заедницата како и образовни институции.

Општата цел на платформата за регионална рурална акција е континуирано да идентификува, координира и да нуди решенија за економските проблеми во руралните подрачја во Североисточен плански регион, развивајќи притоа одржлив систем на етаблирање и одржување на синергии помеѓу јавниот, невладиниот и приватниот сектор.

Специфични цели на ПРРА се:

- да создаде Платформа за регионална рурална акција (ПРРА) која ќе служи како катализатор на локалните и регионалните потреби за планирање и развој на руралната економија.
- да обезбеди помош на економските операторите во руралниот сектор и фармерите да развијат одржливи вредносни синџири и да ги користат локалните ресурси на одржлив начин, со цел да постигнат поголеми придобивки од нивните производи и услуги;
- да обезбеди средина која ќе ги следи и спроведува начелата и процесите на одржлив локален/регионален економски развој.

Платформата за регионална рурална акција(ПРРА) своите активности ги спроведува врз основа на тригодишна програма усвоена од членките.

Спроведувањето на активностите е финансирано со средства од општините, преку имплементација на проекти, како и со средства од меѓународни организации.

**www.northeastregion.gov.mk**

## ИНТЕГРИРАНА МРЕЖА ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН – ИМРР

Интегрираната мрежа за регионален развој во Пелагонискиот плански регион (ИМРР) е иницијатива предводена од страна на Центарот за развој на Пелагониски плански регион, 9-те општини од Пелагонискиот плански регион како и од регионалните стопански и занаетчиски комори, ЛАГ- овите, како и претставници на универзитети и на граѓанскиот сектор.

Мрежата е формално воспоставена на почетокот на 2015 година со поддршка обезбедена од страна на Министерството за локална самоуправа и канцеларијата на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) во Скопје.

Интегрираната мрежа е формирана врз основа на одлуките за воспоставување на меѓуопштинска соработка донесени од страна на сите девет (9) општини во регионот.

Формирањето на ИМРР е во согласност со целите и активностите на петгодишната Програма за развој на Пелагонискиот плански регион како и тригодишниот Акциски план за имплементација на Националната стратегија за рамномерен регионален развој.

Целта која Интегрираната мрежа сака да ја постигне во рамки на регионот е да ја подобри соработката помеѓу приватниот, јавниот и невладиниот сектор во регионот и да ја зајакне координацијата помеѓу овие сектори во имплементирањето на активности наменети за развој на регионот. Преку своите активности Интегрираната мрежа ќе влијае врз развојот на економијата на регионот и зајакнување на нејзините конкурентски вредности.

Улогата на мрежата е да ги подобри економското опкружување, социјалните аспекти и животната средина.

Постојаното Заедничко тело брои 21 член од јавниот, бизнис, невладиниот и образовниот сектор.

Членовите на Работното тело од општините, ги именуваат Претседателите на општинските Совети со одлука, врз основа на одлуките на Советите за воспоставување на меѓуопштинска соработка. Останатите членови ги именуваат највисоките органи на управување на институциите/организациите од каде доаѓаат. Начинот на гласање и носење одлуки во ИМРР е регулиран со концептот на мнозински број на гласови од вкупниот број на членови на Работното тело односно од вкупниот број на присутни членови на Работното тело.

Интегрираната мрежа за регионален развој во Пелагонискиот плански регион своите активности ги спроведува врз основа на тригодишна програма усвоена од членките.

Спроведувањето на активностите е финансирано со средства од општините, преку имплементација на проекти, како и со средства од меѓународни организации.

**http://pelagonijaregion.mk**

## ЗАЕДНИЧКО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА АФИКАСНОСТ НА ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Со поддршка од Министерството за локална самоуправа и на УНДП, по пат на потпишување на договор за соработка, осум општини формираа Заедничко одделение за енергетска ефикасност на Вардарскиот плански регион и регионален Инфо-центар за енергетска ефикасност!

Со функционирањето на заедничкото одделение денес регионот е неколку скалила понапред и станува не само поконкурентен туку и прераснува во вистински партнер за поголеми инвестиции во објектите и инфраструктурата од јавниот сектор.

Заедничкото одделение е ориентирано и на унапредување на енергетската ефикасност во областа на домувањето и изградбата и функционирањето на деловните објекти на приватниот сектор.

Во одделениeто работат двајца државни службеници, а во извршувањето на работните задачи, им помага и по едно лице за контакт од општинските администрации на сите осум општини.

Вработените во заедничкото одделение даваат поддршка во подготовката и спроведувањето на проекти за енергетска ефикасност за училиштата и за сите локални јавни објекти: градинките и објектите од културата и спортот.

Формирањето на вакво тело има за цел да ги обедини интересите на сите општини од регионот, со вклучување на сите засегнати страни. Во планирањето и утврдувањето на приоритетите се вклучени и бизнис заедницата и граѓанскиот сектор и управителите на јавните институции.

Направен е регистар на 107 јавни објекти со вкупна површина од околу 120 илјади метри квадратни во кои треба да се обезбеди енергетска ефикасност, со што значително ќе се намалат трошоците на работење.

Спроведена е широка кампања наменета за сите граѓани, со акцент на училиштата.

Идејата е пораките на европската политика за енергетска ефикасност да стигнат до секој граѓанин на едноставен и разбирлив начин.

За само две години ефектот е видлив преку целосна замена на јавното осветлување со штедливи сијалици, како и замена на фасадите и со енергетски ефикасни на поголемиот број на училишта.

Станува збор за успешен регионален проект кој целосно е во корелација со националната политика за заштеда на енергија и користење на обновливи извори на енергија.

Министерството за локална самоуправа согледувајќи ги позитивните ефекти оваа добра пракса да ја поддржи и во другите седум плански региони, со што би биле опфатени сите осумдесет општини. Во сите нив се реализираат мерки за заштеда на енергија и поквалитетни и поекономични услуги за граѓаните, но согледувањата покажуваат дека ефектите се дуплираат кога се работи вмрежено и координирано со вклучување на сите засегнати страни во еден плански регион.